## Билатерална средба меѓу пратениците од парламентите на Босна и Херцеговина и Националното собрание на Република Србија

**Бијелина, Босна и Херцеговина**
**3 и 4 март 2016 година**

**Заклучоци и препораки**

Претставниците од Парламентарното собрание на Босна и Херцеговина, Народното Собрание на Република Српска и Народното Собрание на Република Србија, заедно со претставниците на општините од пограничниот регион меѓу БиХ и Србија, учествуваа на билатералната средба во Бијелина и го признаа значењето на прекуграничната соработка во контекст на евро-интеграцијата на регионот и ги донесоа следниве препораки:

-Поради очигледниот интерес и потреба за поинтензивна прекугранична соработка, парламентите на двете земји, во текот на процесот на програмирање, треба да се залагаат повеќе средства од ИПА фондовите да бидат наменети за компонентата на ИПА предвидена за прекугранична соработка;

-Владините институции/агенции треба да работат на поедноставување на постапките за пријавување за идните апликанти;

-Директоратот за европска интеграција (ДЕИ) во Босна и Херцеговина и Канцеларијата за Европска интеграција во Србија (КЕИС) треба да работат на обезбедување поинтензивна поддршка и градење капацитети за општините и градовите. Организирањето обуки, работилници, вмрежувања и друг вид средби може да им помогне да ги искористат можностите кои се нудат преку користењето на средствата за прекугранична соработка.